*КОЧО СИДОВСКИ*

# СТАВОТ НА ИТАЛИЈА КОН ПРВАТА БАЛКАНСКА ВОЈНА

Економските богатства, како и стратегиските вредности на Тракија, Албанија и Македонија, биле основните мотиви на агресивната политика на владејачките врвови на Србија, Бугарија, Грција и Црна Гора спрема Отоманската империја. Секоја од нив се борела за хегемонија на Балканот и за обезбедување на својата економска и политичка доминација во споменатите области, посебно во Македонија, која го зафаќа централниот и економски најважниот дел на Балканот и низ која минуваат важни комуникации. Остварувањето на експанзионистичките цели на балканските држави можело да стане само по пат на војна со која отоманските господари би биле изгонети од Балканот.

Од друга страна, Отоманската империја во 1911—1912 година се наоѓала во војна со Италија, која ја покажала воената немоќ на Турција, и како логична последица од тоа пробудила нови освојувачки апетити. Италијанско-турската војна била еден од факторите што довел до тоа владејачките врвови на балканските држави да се спогодат меѓу себе за сојуз против Отоманската империја и да започнат војна против неа. На директното сојузништво меѓу српските, бугарските, грчките и црногорските владејачки кругови му претходела мошне долготрајна и заплеткана дипломатска игра и борба.[1]

По создавањето на четворниот балкански сојуз против Отоманската империја започнале активните воени подготовки за водење на војната. Со цел да му се противстават на ваквиот тек на настаните, имајќи го предвид нивниот страв од еднострано решавање на прашањето за турското наследство на Балканот од страна на балканските сојузници, како и фактот што тие не биле подготвени за војна, големите сили, иако со различни интереси по прашањето за поделбата на турските територии, во времето на создавањето на Балканскиот сојуз и пред почетокот на Првата балканска војна, се нашле на една позиција. Тие сите безрезервно се залагале за статус кво на Балканот и во Отоманската империја. Нивната „пацифистичка" политика имала, всушност, цел да се добие во време и секој да искористи што е можно повеќе за себеси. Таа била дијаметрално

---

[1] Историја на македонскиот народ, книга втора, Скопје, 1969, стр. **453**.

спротивна на нивната општа тогашна политика за менување на односите и позициите на секоја посебно во општата воена криза од 1911 и 1912 година, кога се чинело дека светската војна е неизбежна. Во натпреварот за повторна поделба на светот големите сили биле мошне заинтересирани за своите позиции на Балканот, кој за нив претставувал богато суровинско и превосходно воено-политичко и стратегиско подрачје. Затоа тие по секоја цена сакале да го одржат статус кво на Балканот и во Македонија, да го спречат „малото“ пред „големото“ пресметување што тие меѓу себе го готвеле.[2]

Започнувањето на воените операции и брзите успеси на балканските сојузници против Отоманската империја, покрај Австро-Унгарија, ги натерале и другите држави да „посредуваат“ во замрсената ситуација на Балканот. Италија, која ги лечела последиците од својата војна со Империјата, била против радикалната промена на Балканот. Италијанската влада заземала, иако не јавно, крајно остра позиција по однос на претензиите на балканските сојузници спрема турското наследство на Балканот. Италија уште пред да почне војната била против промената на статус кво. Така во една депеша упатена од министерот за надворешни работи маркизот Сан Џулијано до пратеништвата на Италија во Софија, Белград, Букурешт, Цетиње и Атина, меѓу другото, се велело: „Политичката база останува секогаш зачувување на статус кво на Балканскиот Полуостров и консолидација на Турската империја во Европа. Од ова произлегува дека ние не само што не сакаме охрабрување на Балканот на некое движење насочено против Турција, но ние сме цврсто решени да ги засилиме напорите за да го отстраниме тоа, особено ако во овој момент се случат слични настани. Ако такви надежи или спротивни илузии се јавени или постои можност да се појават, тие треба веднаш да бидат развеани.[3]

Горенаведеното може да се потврди и од разговорот на началникот на Консулта (италијанското министерство за надворешни работи) Болати со српскиот отправник на работите во Рим Љуб. М. Михајловиќ воден на 11.X 1912 година. На Михајловиќ му било речено дека „во Италија непријатно се изненадени од држењето на францускиот печат по повод намерно пуштените гласови дека Црна Гора ја отпочнала војната по совет на Италија. Таквото однесување на Италија би било во најмала рака нелојално, бидејќи таа, во почетокот на својата војна со Турција, ги известила балканските држави дека таа не ќе може да се согласи со никаква промена на Балканот, ниту смета дека таа војна може да даде било каква причина за компликација во Турција. По таквата изјава не може да се замисли сега да бараме компликации и тоа на начин кој ни малку не би соодветствувал на нејзиното достоинство.“[4]

Непосредно пред започнувањето на воените дејства владетелите на Србија, Бугарија и Грција ги објавиле своите Манифести за војната против Турција. Во нив тие ги објавиле воено-политич-

---

[2] За ова прашање посебно види: Д-р Петар Стојанов, Македонија во времето на Балканските и Првата светска војна (1912—1918), Скопје, 1969, стр. 36—41.

[3] Dr Assen Krainikowski, La question de la Macédoine et la diplomatie européene. Paris, 1938, 259. Цитирано според Тошев, Балканските воини, София, 1929—1931, 2 том, стр. 313).

ките цели за „ослободување на поробените браќа од вековното турско ропство“. Една од основните мотивации, со која започнувала и се оправдувала војната, била паролата за „конечно пресметување меѓу крстот и полумесецот и носење слобода и рамноправност на браќата кои ќе бидат ослободени од Турците. „По налог на своите владетели, врховните команди на српската, бугарската и грчката армија им заповедиле на своите единици, од албанските планини до Црното Море и во Северна Грција да минат во напад против турските единици што ја браnеле границата на Турција во Тракија, Јужна Србија, на Косово и Метохија. Воените дејства започнале на 18 октомври 1912 год.[5]

Во првата балканска војна се создале северноалбанско, тракиско и македонско боиште.

Уште во почетокот на воените дејства целокупната територија на Македонија била претворена во единствено боиште. Врховните команди на српската, грчката и бугарската армија, според усогласениот заеднички оперативен план за дејство против турските трупи во Македонија, поставиле како основна цел да биде заокружувањето и разбивањето на турските војски во Македонија и прогонувањето на нејзините остатоци на исток во Тракија кон Цариград.

Прва воените операции против Отоманската империја, значи пред нападот на останатите балкански сојузници, ги почнала црногорската армија. Началникот на Консулта во дадениот момент сè уште не разбирал зошто Црна Гора ја отпочнала војната. Според извештаите што ги имало Министерството за надворешни работи на Италија од Цетиње, и српскиот и грчкиот пратеник му советувале на крал Никола тоа да не го прави и Болати верувал дека Црна Гора не ѝ објавила војна на Турција во договор со останатите балкански држави. Познавајќи го добро крал Никола, тој мислел дека кралот тоа го направил потполно на своја рака. Во текот на овој разговор Болати му изјавил на српскиот отправник на работите дека грчката влада во оваа ситуација изгледала најмиролубива, а дека верувал оти можело да се смета и на српската влада за одржување на мирот.[6] Сето ова покажувало оти големите сили, меѓу кои и Италија, не биле во тек со тајните дипломатски преговарања на балканските сојузници за отпочнување на војна со цел да го разделат отоманското наследство на Балканот.

Зборувајќи за можноста од војна меѓу Турција и балканските земји, Болати сметал дека сите големи сили ќе останеле неутрални, но под услов Србија да не влегува во Новопазарскиот санџак, а во случај тоа да го направи не верувал дека Австро-Унгарија не би се вмешала.[7]

За разлика од владините кругови, веднаш по објавувањето на мобилизацијата на војските во Србија, Бугарија и Грција ита-

---

4 Документи о спољној политици Краљевине Србије 1903—1914. Књига V, свеска 2 (15/28. јули — 4/17. октобар 1912). Приредио Михаило Војводић. Београд, 1985, стр. 867.

5 Д-р Петар Стојанов, Македонија во политиката на големите сили во времето на Балканските војни 1912—1913. Скопје, 1979, стр. 144—149.

6 Документи..., op. cit., стр. 868.

7 Ibid.

лијанското јавно мислење силно се заинтересирало за настаните на Балканот. Весниците биле преполни со депеши и дописи од тие земји. За ова известувал српскиот отправник на работите во Рим Љуб. М. Михајловиќ во својот извештај од 5.X 1912 година, упатен до Министерството за надворешни работи на Кралството Србија. Во извештајот се наведува дека српското пратеништво настојувало од своја страна што повеќе да ги задоволи барањата на италијанските новинари за информации во врска со спомнатите настани, а истовремено да предизвика уште поголемо интересирање. Во вестите што ги пренесувале весниците, во главни линии се зборувало за вистинските причини за мобилизацијата на српската војска и за желбите што сакале да ги оствари српската влада во воениот судир со Отоманската империја. „L'Italia all'Estero", списание за надворешна и колонијална политика, донела статија која ја напишал Јован Дучиќ, секретар на пратеништвото на Србија во Рим. Статијата предизвикала значително интересирање кај италијанската јавност и многу весници донеле изводи од неа.[8]

Сосема поинакво било однесувањето на Австро-Унгарија во новонастанатата ситуација. Вознемирена од излегувањето на Србија на Јадранското море, таа концентрирала војска на српската граница. Русија страхувала од бугарското напредување кон Цариград и барала да се сопре напредувањето. Плашејќи се од интервенција на Австро-Унгарија, таа ѝ советувала на Србија да отстапи од претензиите во Албанија. Франција во детали ја немала дефинирано својата позиција кон заостренаta ситуација. Англија останала привидно резервирана спрема сите овие настани.[9]

Против српските претензии Австро-Унгарија истапувала заедно со Италија. За ваквите италијански ставови известува српскиот пратеник во Рим Михајловиќ на 10.XI 1912 година, истакнувајќи дека италијанските политички кругови и јавното мислење биле против поделбата на Албанија од страна на балканските сојузници и излезот на Србија на Јадранско море.[10] Ова може да се потврди и од официјалното соопштение што го направил италијанскиот отправник на работите во Белград на српската влада на 12.XI 1912 година дека стремежите на Србија за пристаништа на море не се во согласност со интересите на Италија, но дека помошта на Италија на Србија нема да недостасува за „други работи".[11] Во оваа смисла и италијанскиот амбасадор во Париз Титони ѝ ветува на Србија поддршка од страна на Италија во сите прашања освен за автономијата на Албанија, бидејќи за тоа била врзна со договор со Австро-Унгарија.[12] Но, и покрај ова, во самото италијанско министерство за надворешни работи постоеле две тенденции во врска со прашањето за автономија на Албанија и излегувањето на Србија на море. Така

[8] Ibid., стр. 818.

[9] Д-р Петар Стојанов, op. cit., стр. 55.

[10] Документи о спољној политици краљевине Србије 1903—1914. Књига V, свеска 3 (5/18. октобар — 31. децембар 1912/13. јануар 1913). Приредио Михаило Војводић. Београд, 1986, стр. 273.

[11] Ibid. стр. 293.

[12] Ibid.., стр. 318—319.

српскиот пратеник во Рим Михајловиќ, во својот извештај од 15.XI 1912 година, известува за тие тенденции, од кои едната била за давање поддршка на Австро-Унгарија за да се спречи излезот на Србија на море, а втората била Италија да добие поголема слобода во односите со Австро-Унгарија.[13]

И покрај тоа што постоела некоја согласност за поделба на сферите на влијание во Албанија, стремејќи се кон господство на Јадранот Австро-Унгарија и Италија си го оспорувале едната на другата преовладувачкото влијание во Албанија.[14]

Во текот на воените операции во Македонија турските војски биле поразени од сојузничките сили, што ја принудило Портата на 3 ноември 1912 година да бара мир и ги замолила големите сили да посредуваат кај балканските сојузници. По долги преговори и спогодувања примирјето меѓу балканските сојузници и Отоманската империја било потпишано на 4 декември 1912 година.[15]

По потпишувањето на примирјето помеѓу балканските сојузници и Отоманската империја (Првото примирје), заради „преземање на балканските работи во свои раце" и да „се доведат" големите сили од обата блока до „поблизок и попостојан" контакт за да се одложи навреме застрашувачкиот судир помеѓу големите европски сили што би можел да го предизвика моменталниот балкански конфликт, големите сили дошле до единствено сознание за свикување на една амбасадорска конференција на шесте големи сили во Лондон.[16] Претседател на оваа конференција бил англискиот министер за надворешни работи Греј, а делегати — пратениците на големите сили во Лондон.[17] Паралелно со амбасадорската конференција ја започнала својата работа и Конференцијата на мирот — конференцијата на делегатите на Србија, Бугарија, Грција, Црна Гора и Турција, кои требало да ги изработат условите за потпишување на мирот помеѓу балканските сојузници и Турција.

Најважно прашање кое се разгледувало на заседанијата на пратениците било она за судбината на Албанија. Принципот за албанската автономија бил прифатен од страна на големите сили уште пред конференцијата,[18] но тие си го задржале правото на конференцијата да го продискутираат уредувањето и границите. Што се однесува до српскиот излез на Јадранот се покажуваа разлики.[19] Италија и Германија ја прифаќале австриската теза. Германија ја прифаќала споменатата теза поради обврската што ја имала како сојузничка и поради размислувањата дека интересите на Австро-Унгарија на Балканот и на Јадранот се интереси на германизмот и,

---

[13] Ibid., стр. 324—326.

[14] История дипломатии. Том второй, Дипломатия в новое время (1872—1919 гг.). Под редакцией академика В. П. Потёмк. Составили проф. Хвостов В. М. и проф. Минц И. И. Москва-Ленинград 1945, стр. 227.

[15] Д-р Петар Стојанов, op. cit., стр. 157.

[16] Ibid., стр. 167.

[17] Ibid.

[18] Angelo Pernice, Origine ed evoluzione storica delle Nazioni Balcaniche, Milano, 1915, p. 451.

[19] Ibid.

од тоа следува, исто така, делумно нејзини. Италија ја прифаќала австриската теза бидејќи сметала дека излегувањето на Србија на Јадранското море било „неспоиво со италијанските интереси" и „со принципот на автономија и на интегритет на Албанија".[20] Во Италија имало доста остри критики упатени на маркизнт Ди Сан Џулијано заради оваа негово држење. Некои сакале тој да ги поддржи намерите на Србија, сметајќи го како корисно за италијанските интереси нејзиното појавување на Јадранското море. Меѓутоа прашањето, според мислењето на познатиот италијански публицист Анѓело Перниче, не можело да биде разгледувано од оваа страна, туку се разбира од онаа за обврските која ги имала преземено италијанската влада во однос на Албанија и на меѓународната ситуација. Тој забележувал дека Италија формално била обврзана, покрај со договорот од 1897 година со Австро-Унгарија, исто така од клаузулите од договорите за Тројниот сојуз за поддржување на автономијата на Албанија. Маневарскиот простор на италијанската политика бил ограничен во односите со Австро-Унгарија во врска со прашањето на автономијата на Албанија, имајќи го предвид фактот дека Италија во дадениот момент сè уште била ангажирана во Либија. Меѓутоа, во секој случај, и покрај тоа што Италија „соработувала" со Австро-Унгарија во врска со политиката на двете сили према албанското прашање, во иднина токму на ова поле до максимум ќе се заострат нивните односи.

Во текот на мировната конференција во Лондон, Отоманската империја, во своите настојувања да сочува макар нешто од своите балкански позиции, дала предлог на Македонија да ѝ се даде автономија под нејзин суверенитет, како и за Албанија.[21] По овој предлог за Македонија не се донесло никакво решение,[22] а што се однесува, пак, на Албанија, веќе на првото заседание на пратениците, на 27 декември, во угода на Австро-Унгарија и Италија била донесена одлука да се создаде автономна Албанија под врховна власт на султанот и под контрола на шесте големи држави.[23] Со оваа одлука Албанија требала да ѝ го прегради на Србија излезот на море.

Во целиот тек на работата на амбасадорската конференција може да се забележи дека улогата на делегатите на Италија, заедно со оние на Австро-Унгарија и Германија,[24] се сведувала на спречување на излезот на Србија на Јадранско море. Во атмосфера на исклучивост на мислењата на амбасадорите на големите сили, кои не допуштале во нивната работа да учествуваат делегатите од Конференцијата за мирот. т.е. делегатите на балканските држави и на

---

20 Изјавата на министерот Сан Џулијано на австроунгарскиот амбасадор во Берлин (5 ноември) и телеграмата на комендаторот Болати, по налог на министерот за надворешни работи (9 ноември). Ibid.

21 Д-р Петар Стојанов, op. cit., стр. 55.

22 Ibid.

23 История дипломатий, op. cit., стр. 227.

24 Во работата на конференцијата учествувале рускиот амбасадор во Лондон грофот Бенкендорф, францускиот амбасадор Пол Камбон, австроунгарскиот амбасадор грофот Менсдорф, германскиот амбасадор кнезот Лихновски и италијанскиот амбасадор маркизот Империјали (Д-р Петар Стојанов, Македонија во политиката на големите сили во времето на Балканските војни 1912—1913, Скопје, 1979, стр. 169).

Отоманската империја, се одвивала амбасадорската конференција сè до 27 мај 1913 година.[25] На овој ден од делегатите на завојуваните балкански сојузници и Отоманската империја бил потпишан мировниот договор и Првата балканска војна била завршена.

Најрелевантен од сите проблеми кои се разгледувале на амбасадорската конференција, како што е погоре кажано, бил проблемот околу создавањето и признавањето на новата албанска држава. Оттука произлегувал и проблемот на спречувањето на излезот на Србија на Јадранско море, а како последица на тоа и барањето на Србија, за загубеното во Албанија, да добие територијални компензации во Македонија со цел да добие излез на море кон Солун. Меѓутоа, познато е дека овие барања на Србија сретнале жесток отпор кај бугарската страна. Сето ова на крајот ќе доведе и до меѓусојузничката, Втората балканска војна во летото 1913 година.[26]

Уште во почетокот на амбасадорската конференција во Лондон дошла до израз политиката на притисок и заплашување на австрогерманскиот блок. Базирајќи се врз познатиот предлог за автономија на Албанија на грофот Берхтолд, австроунгарскиот, германскиот и италијанскиот делегат на амбасадорската конференција успеале да го форсираат предлогот за создавање на независна албанска држава под заштита на големите сили. Франција, Велика Британија и Русија го прифатиле овој предлог, иако имале и свои формули за решавање на балканските проблеми, па и на албанскиот.[27]

Одлуката за создавање на независна албанска држава била вистинска победа на австроунгарската, германската и италијанската дипломатија, кои преку неа успеале да ги зацврстат уште повеќе своите позиции на Балканот, а и да создадат директна пречка за излез на Србија на Јадранско море, а со тоа и да ја ориентираат кон длабочината на Вардарската долина, што, во крајна линија, значело и заострување на односите со Бугарија.

Со создавањето на новата европска држава Албанија требало да се реши прашањето на нејзините граници кон Црна Гора, Србија и Грција. Меѓутоа, тоа било многу сериозно прашање, бидејќи тука се судирале црногорските, српските и грчките интереси со албанските, односно со интересите на Австро-Унгарија и Италија, кои сложно истапувале во прашањето на нова Албанија на Лондонската конференција. Австро-Унгарија и Италија сакале Албанија да биде што поголема, додека Црна Гора, Србија и Грција настојувале што повеќе да ја стеснат во смисла на средновековните граници на старите српски и епирски династии.[28] Инаку, соработката на Италија со Австро-Унгарија, во однос на отстранувањето на Србија од Албанија, одела овој пат така далеку, што, по еден повод, Титони, тогашен италијански пратеник во Париз, на 20 ноември 1912 година му одговорил во името на италијанската влада на претседателот на француската влада Поенкаре, на неговото прашање за држењето на

---

25 Ibid., стр. 172.

26 Ibid., стр. 173.

27 Ibid.

28 Фердо Шишиќ, Предратна политика Италије и постанак Лондонског пакта (1870—1915), Сплит, 1933, стр. 71.

Италија во евентуалниот воен судир меѓу Русија и Австро-Унгарија заради Србија и Албанија, вака: „Италија, во случај на австро-руски судир, и покрај договорот склучен во дворецот Ракониѓи (1909), а во смисла на договорот на Висконти Веноста (и грофот Голуховски), активно ќе застане на страната на Австро-Унгарија. А што се однесува до Германија, и во тој случај Италија, и покрај договорот од 1902, ќе ја поткрепи Германија, бидејќи договорот на Висконти Веноста е постар и уште сега за Италија обврзувачки".[29]

Создадената ситуација со Првата балканска војна Италија настојувала да ја искористи за свои цели и во друга насока. Така, според Лозанскиот мировен договор од 18 октомври 1912 година, со кој завршила италијанско-турската војна, Италија ветила да ѝ го врати на Отоманската империја окупираниот од неа Додеканез. Но, сега таа веќе не мислела за исполнување на својата обврска и во никој случај не намеравала да ги предаде островите ниту на Турците, ниту на Грците.[30]

Што се однесува до италијанскиот официјален став кон Македонија во периодот на Првата балканска војна немаме некои посебни согледувања. Таа во овој период се наоѓала во деликатна состојба, заздравувајќи од тешката војна со Отоманската империја, и заради тоа апсолутно била против радикалната промена на Балканот, т.е. против промената на статус кво. Како потврда на гореневедениот италијански став служи и извештајот на српскиот пратеник во Рим Михајловиќ од 27.I.1913 година упатен до Министерството за надворешни работи на Кралството Србија во Белград. Во него се вели: „Вон секое сомневање е дека италијанската влада ниту сака некои посериозни компликации ниту би била многу во состојба во нив да земе некое повидно учество. И премногу зафатена со своето либиско прашање, а исто и значително истрошена во последната војна, таа би сакала да го види балканското прашање што порано завршено."[31]

За разлика од воздржаниот став на италијанската официјална политика спрема настаните поврзани со Првата балканска војна, посебно кога се однесува за Македонија, поинакво било односувањето на италијанските општествени кругови, и тоа оние прогресивните. Со цел да се помогне во ослободувањето на балканските народи кои беа под доминација на Отоманската империја беа формирани одреди од доброволци, тн. гарибалдинци — но, исто така, офицери и војници на војската — кои како и во деветнаесеттиот век се бореа во Грција, Албанија, Црна Гора и во Македонија.[32] Но, иако во голем дел на доброволците сè уште бил присутен гарибалдинскиот идеал, кој во чист вид ги инспирирал (и доста од нив, како, на пример, Чиприано Факинети, беа во недоумица и сомневања

---

29 Ibid., стр. 72.

30 История дипломатий, op. cit., стр. 229.

31 Документи о спољној политици Краљевине Србије 1903—1914. Књига VI, свеска I (1/14. јануара — 31. март/13. април 1913). Приредио Душан Лукач, Београд, 1981, стр. 179—180.

32 M. Pacor, Italia e Balcani dal Risorgimento alla Resistenza, Milano, 1968, p. 34.

кога ги забележале определените барања во војувачките страни), кај други веќе постоела идеја да се искористи оваа прилика како еден чин на италијанското присуство на Балканот. Веќе во 1911 година многумина посакувале да им пристапат како засилување на албанските востаници, но римската влада тоа го спречила, бидејќи станувало збор за едно востание (се мисли на албанското востание од 1911 година, избувнато против политиката на Младотурците во Албанија — б.м.) против една „легитимна" влада и, пред сè, заради тоа што ова би можело да предизвика неугодност кај Австро-Унгарија, додека, пак, потоа го поддржувала испраќањето на легионари, бидејќи сега станувало збор за една „легитимна војна помеѓу државите".[33]

За ослободителниот дух на акцијата на италијанските доброволци во борбата против турските војски во текот на Првата балканска војна, која била пресретната од повеќето Италијанци кои имале учествувано во борбите, сведочат и примерите на двата тршќани — Габриеле Фоскиати и Марио Маовац.[34]

Но, многу пати овие доброволци доживувале и разочарувања од нивното учество во борбите, иако често биле искрено убедени дека ги продолжуваат гарибалдинските традиции од времето на Рисорџименто. Дејноста на ваквите одреди, составени од недоволно оспособени луѓе за воени дејства, од доброволци кои не биле снабдени со најнеопходното, нeретко завршувале жално. Така, на пример, формираниот кон крајот на 1912 година експедиционен одред на новите гарибалдинци, земајќи учество во борбените дејства во времето на Првата балканска војна на страната на Грците, бил исфрлен од стројот веќе во првата борба со Турците под Јанина. Одредот наскоро бил распуштен и доброволците се вратиле дома, иако борбените дејства уште не биле завршени. За судбината на овој одред, за разочарувањето среде доброволците, не издржувајќи ги лишувањата, многу речито се раскажува во писмата на учесникот во оваа експедиција, младиот италијански студент Алфредо Чечи, испратени во 1912—1913 година до Е.И. Дракохруст.[35] Во писмото упатено од Фиренца на 14 јануари 1913 година, меѓу другото се вели „дека тргнавме во неа (во војната), жртвувајќи се со ентузијазам, кој го создаде нашата врела верба. По пристигнувањето во Грција ние бевме пресретнати сепак доста студено, но не му придадовме на ова значење. Нели ние се упативме напомош на угнетениот народ, борејќи се за вистинско дело, и не сакавме ни почести, ниту восхитувачки аплаудирања..."[36] Во продолжение се зборува за тоа како во текот на борбите со Турците кај Јанина (9.XII.1912) гарибалдин-

---

[33] Ibid.

[34] Треба да се каже дека овие двата подоцна загинале во нацистичките логори за уништување поради нивното учество во борбата против фашистичките освојувачи (вториот веќе имал учествувано во првите антицаристички борби во Русија во 1905 година и бил во 1918 година помеѓу иницијаторите на штрајковите и востанијата во австроунгарската поморска база во Пула).

[35] В. П. Любин, Италия накануне вступления в Первую мировую войну, Москва, 1982, стр. 87.

[36] Ibid.

ците претрпеле тешки загуби поради откажаното содејство од грчката армија.[37]

Според некои проценки, се сметало дека повеќе од три илјади граѓани посакувале да станат доброволци само на страната на бугарската армија, во борбата против турската војска, под командата на Ричоти Гарибалди. Во Италија, исто така, се создал комитет за Црвениот крст со претседател Хенри Тажер.[38]

Но, и покрај ваквите свои ангажирања, италијанската јавност увидела дека настаните на Балканот се движат по поинаков тек отколку што таа очекувла. Веднаш по завршувањето на Првата балканска војна се надвиснала опасноста од нова војна на довчерашните сојузници. Од една страна беа српските, грчките, романските, а и турските војски (довчерашниот заеднички непријател), а на другата бугарската војска. Главната причина за ова била повторната распределба на територијата на Македонија.

*KOČO SIDOVSKI*

## THE ITALIAN POSITION ON THE FIRST BALKAN WAR


### Summary

The economic resources and the strategic importance of Thrace, Albania and Macedonia provided the basic motives for the aggressive policies vis-a-vis the Ottoman Empire of the ruling elites in Serbia, Bulgaria, Greece and Montenegro. The Italo-Turkish war, over Libya, which was waged from 1911 to 1912, had profound effects on the military strength of the Ottoman Empire, and this, in turn, accelerated the appearance of yet another crisis which had long been building up in the Balkans. The Italo-Turkish war was one of the factors which led the ruling circles in the Balkan states to confer among themselves about an alliance against the Ottoman Empire and about a declaration of war upon it. Italy attempted to make use of the situation in the Balkans which had arisen as a consequence of the war in order to strengthen its positions in the Balkans. The Italian governement, however, adopted, if not in public at least secretly, a sharp position on the pretensions of the Balkan allies towards the Ottoman heritage in the Balkans.

As far as the official Italian position on Macedonia in the period of the First Balkan war is concerned, there are no special insights available to us. During this period Italy was in a delicate state, recovering


---

[37] Треба да се спомене дека новите гарибалдинци се упатиле да војуваат и во Франција во 1914 година, за време на Првата светска империјалистичка војна. Самиот Алфредо Чечи загинал на италијанско-австрискиот фронт во 1917 година.

[38] Асен Калинков, Балканската война в нашия и чуждестранния печат, Исторически преглед, София, XXXIX/2 (1983), стр. 67.

from a serious war againts the Ottoman Empire and, for that reason, was absolutely set against any radical changes in the Balkans, i.e. any changes in the *status quo*.

In contrast to the position that official Italian circles had adopted, the progressive social circles in that country reacted in a different fashion and initiated the formation of volunteer units, called the Garibaldisti, who fought against the Ottoman armies in Greece, Albania, Montenegro and Macedonia.

But, despite such engagement, the Italian public saw that events in the Balkans were taking a different turn from that which they had anticipated. Immediately after the end of the First Balkan War the danger of a new war loomed over those who had but recently been allies.